Врз основа на член 384, 487 и на член 490 од Законот за трговските друштва и на член 36 од Правилата за котација, и на член 51 од Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје Собранието на акционери на Друштвото, на седницата одржана на ден 1.4.2026 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2025 година
(дивиденден календар)

(1) Согласно со Одлуката за распределба на добивка остварена по Годишна сметка за 2025 година, на акционерите им се исплатува дивиденда за 2025 година во висина од 450,00 денари нето, односно 500,00 денари бруто, за една акција.

Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциските сметки на акционерите.

(2) Последен датум за тргување со право на дивиденда за 2025 година е 15.04.2026 година**.**

(3) Прв датум за тргување без право на дивиденда за 2025 година е 16.04.2026 година.

(4) Датум на стекнување право на дивиденда за 2025 година е 17.04.2026 година.

(5) Исплатата на дивидендата за 2025 година ќе започне од 06.05.2025 година и тоа според следната динамика:

06-05-2026 година исплата на дивиденда за имателите од 1 до 600 акции
13-05-2026 година исплата на дивиденда за имателите од 601 до 5.000 акции
20-05-2026 година исплата на дивиденда за имателите од 5.001 до 16.600 акции
27-05-2026 година исплата на дивиденда за имателите над 16.601 акции

(6) Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето.

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Претседавач на
Собрание на акционери

_____

Образложение

На ден 18.2.2026 година Управниот одбор на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје на својата седница ја утврди Предлог-одлуката која на ден 1.4.2026 година, врз основа на член 383 и на член 384 од Законот за трговските друштва, како и на член 51 од став 2 алинеја 1 и 2 од Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје и ја поднесува како предлог до Собранието на акционери на усвојување.

Собранието на акционери, имајќи ги предвид обврските врз основа на член 384, 487 и на член 490 од Законот за трговските друштва и на член 36 од Правилата за котација, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.